РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ГИМНАЗИЈА "ОРЦЕ НИКОЛОВ"
Бр. 02-221/14
07.08 2026 год.
СКОПЈЕ



Во согласност со член 42 од Законот за средното („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), а во врска со Конкурсот од Министерството за образование и наука за упис на ученици во прва година во средните училишта во Република Северна Македонија за учебната 2026/2027 година, Училишната комисија на СУГС Гимназија “Орце Николов” Скопје, донесе:

# О Д Л У К А

## За објавување на интерен оглас за запишување ученици во прва година за гимназиско образование – августовски уписен рок - за учебната 2026/2027 година

Да се објави интерен оглас за упис на редовни ученици во прва година – августовски уписен рок – за учебната 2026/2027 година во СУГС Гимназија “Орце Николов” Скопје, за вкупно 6 слободни места со настава на македонски јазик, а според наставни планови и програми за:

- Гимназиско образование – 6 ученици, 60 поени минимум, **(во билингвална настава, одреден број предмети ќе се изведува на француски јазик)**

Условите за запишување на учениците, потребните документи за запишување, конкурсните рокови и критериумите за упис ќе бидат содржани во интерниот Оглас согласно Конкурсот за упис на ученици во прва година за учебната 2026/2027 година од Министерството за образование и наука.

Спрема горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател на училишна комисија
**Билјана Раичевиќ Велковска**